ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Врз основа на член 24 став 1 точка 2 од Статутот на Централниот регистар на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија број 45/2007 и 208/2015 и Службен весник на Република Северна Македонија број 275/2020) и член 77 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/21 и 14/25), в.д. Директорот на Централниот регистар на Република Северна Македонија на 13.02.2025 година донесе:

# ОДЛУКА
## за спроведување на јавна набавка на посебни услуги

### Член 1

Предмет на јавната набавка е набавка на посебни услуги - **Обуки и семинари за вработените.**

### Член 2

За реализација на оваа набавка се планирани вкупно средства во износ до 1.694.000,00 (еден милион шестотини деведесет и четири илјади) денари без ДДВ, односно до 1.998.920,00 (еден милион деветстотини деведесет и осум илјади деветстотини и дваесет) денари со ДДВ, кои се обезбедени од сопствени приходи и се предвидени во Финансискиот план и во Планот за јавни набавки на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2025 година.
Оваа Одлука е со важност до донесување на Планот за јавни набавки за 2026 година.

### Член 3

Јавната набавка на посебни услуги – обуки и семинари за вработените на Централен регистар на Република Северна Македонија ќе се реализира врз основа на член 121 став 3 од Законот за јавните набавки и е делива.

Во насока на почитување на начелото на транспарентност на постапката за јавна набавка, оваа Одлука ќе се објави на web страната на Централен регистар на Република Северна Македонија.

Поради специфичноста на предметот на набавката, се утврдуваат следниве правила при реализација на набавката, имајќи ја предвид вредноста на секоја поединечна обука или семинар:

- Обука или семинар со вредност до 3.000 евра без ДДВ во денарска противвредност ќе се спроведе врз основа на доставена покана за учество од страна на економскиот оператор, дозвола од директорка за посета на обуката (согласно интерните акти) и фактура за извршените услуги.
- Доколку вредноста на поединечната обука е над 3.000 евра без ДДВ во денарска противвредност, а се работи за специфична област која е од особен интерес за

вработените на Централниот регистар, ќе се спроведе постапка согласно член 121 став 2 од Законот за јавните набавки.

**Член 4**

Критериум по кој ќе се врши избор на најповолна понуда е економски најповолна понуда врз основа на **цената/најниска цена.**

**Член 5**

Спроведување на оваа Одлука и реализација на посета на обуки и семинари од страна на вработените се врши согласно интерните акти на Централен регистар на Република Северна Македонија кои се однесуваат на посета на обуки и семинари.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување

**Образложение**

Во Финансискиот план за 2025 година и Планот за јавни набавки на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2025 година, за набавка на посебни услуги –обуки и семинари е предвиден износ до 1.694.000,00 (еден милион шестотини деведесет и четири илјади) денари без ДДВ, односно до 1.998.920,00 (еден милион деветстотини деведесет и осум илјади деветстотини и дваесет) денари со ДДВ, поради потребата за постојано стручно усовршување и едукација на вработените на Централен регистар со цел да се овозможи понапредно функционирање, подобрување на квалитетот на извршувањето на услугите што ги нуди институцијата, како и усогласување на работењето со позитивните законски прописи.

Со оглед дека станува збор за специфични услуги кои во Република Северна Македонија се нудат од голем број економски оператори, од една страна и фактот дека не може однапред да се предвидат потребите на вработените од одреден вид семинар, од друга страна, Централниот регистар одлучи да спроведе постапка согласно член 121 став 3 од Законот за јавните набавки, со објава на оглас за јавна набавка на својата web страна. Во објавениот оглас, Договорниот орган ги информира економските оператори за потребата од набавка и истовремено се повикуваат сите заинтересирани

економски оператори да доставуваат покани за обуките и семинарите кои истите ги организираат.

Централниот регистар врз основа на потребите и согласно интерните акти, по секоја доставена покана ќе одлучи дали има потреба од учество на вработени на конкретна обука или семинар.

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100



Централниот регистар ќе ги информира економските оператори само доколку се одлучи одреден/и вработен/и да учествува/ат на организираниот семинар или обука односно нема обврска да го информира економскиот оператор доколку одлучи дека нема потреба од учество на вработен/и на обуката или семинарот организиран од тој економски оператор.

Со тоа се запазува начелото на транспарентност на постапката, но и начелото на конкуренција и сите останати начела предвидено во член 121 став 3 од Законот за јавните набавки.

Известувањата за реализираните обуки ќе се објавуваат квартално преку ЕСЈН.

Потребата од посета на обуки се однесува на следниве области:

- Сметководство, финансии, ревизија и внатрешна контрола
- План и развој
- Маркетинг
- Човечки ресурси
- Правни работи
- Јавни набавки
- IT сектор
- Останати области за кои ќе се јави потреба.

Критериум по кој ќе се врши избор на најповолна понуда е најниска цена, при што може да се одлучи да се присуствува на одреден семинар или обука и во случај кога е поднесена само една покана за одредена тема од интерес на Централниот регистар.

Поради сето претходно наведено, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**в.д. Директор**
д-р Анита Стамнова